ИСТРАЖУВАЊЕ НА ИПИС ЗА ПЕРЦЕПЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ ЗА

**- ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ПАНДЕМИЈАТА НА КОВИД 19 -**

ПРВ ДЕЛ

17.04.2021 година

Почитувани,

**Институтот за Политички Истражувања од Скопје (ИПИС)** спроведе телефонско истражување во периодот помеѓу **11 и 14 април 2021 на 1112 полнолетни испитаници** на ниво на Република Македонија. Во истражувањето граѓаните ги изразуваа своите ставови за прашања поврзани со пандемијата на КОВИД 19.

Заради запазување на релевантноста и непристрасноста на истражувањето, беше креиран непристрасен и објективен прашалник врз база на кој подоцна беше спроведена анкетата. Истражувањето беше реализирано со користење на случаен примерок кој беше стратификуван за да се запази репрезентативноста на населението во Република Македонија. Во него беа запазени демографските специфики на населението како полова структура, старосни групи, степен на образование и етничка припадност, со соодветна поделба на испитаниците според местото на живеење и регионалната застапеност, со тоа што Скопје беше земено како посебна целина заради своите посебности.

Анкетата е спроведена за потребите на ИПИС и е финансирана од сопствени средства на ИПИС.

Резултатите ќе бидат објавени во два дела на 17ти и 18ти април 2021. Во прилог се резултатите од **првиот дел.**




*Графикон 1*




*Графикон 2*

| Со кое тврдење повеќе би се согласиле: | % |
|---|---|
| **Македонија се справува со ковид кризата слично како и останатите земји од регионот** | **32.6** |
| **Македонија се справува со ковид кризата полошо, споредено со земјите од регионот** | **46.1** |
| **Не знам/НО** | **21.3** |
| **ВКУПНО** | **100** |

*Табела 3*

НАПОМЕНА:

Одговорите ја одразуваат демографската структура на испитаниците и нивните преференци и ставови. Сите истражувања на Институтот се подложни на статистичка грешка која изнесува +/- 3 % . Поради тоа сите резултати претставени во извештајот можат да се движат во тој интервал.

Со почит,

Владимир Божиновски
Институт за Политички Истражувања - Скопје (ИПИС)
тел. +389 70 269 828
www.ipis.org.mk